# Закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција

**Член 1**

Во Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 139/2008, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15 и 150/15), членот 4-а се брише.

**Член 2**

Во членот 7 став 3 точка 5 во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или“.

Во алинеја 5 сврзникот „или“ се заменува со точка.

Алинеја 6 се брише.

**Член 3**

Во членот 28 став 1 зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

**Член 4**

По членот 31-д се додава нов член 31-ѓ, кој гласи:

„Член 31-ѓ

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Инспекторатот кое нема да издаде согласност и/или мислење во постапката за издавање на одобренија за градба за изградба на градби за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, како и други согласности и мислења во рок од 30 дена од денот на приемот на писменото барање (член 4 став 2).“.

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Одредбите од членовите 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.